

Влада на Република Северна Македонија

# КОМУНИКАЦИСКА СТРАТЕГИЈА

## 2019/2020



## ВИЗИЈА

Северна Македонија е општество во коешто комуникациите на институциите се целосно посветени на јавниот интерес и во коешто постои високо ниво на доверба меѓу граѓаните и институциите



## МИСИЈА

Точно, јасно и навремено информирање на сите граѓани преку различни канали на комуникација за услугите и политиките на Владата и воспоставување механизми за двонасочна комуникација меѓу граѓаните и институциите

# СОДРЖИНА


ВОВЕДЕН ЗБОР ........ 4
ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ........ 5
ПЛАН ЗА КОМУНИКАЦИИ ВО 5 ТЕМИ ........ 7
1. НИЕ СМЕ НАТО, ОДИМЕ ВО ЕУ ........ 8
1.1. СТАБИЛНА И БЕЗБЕДНА ЗЕМЈА - НИЕ СМЕ НАТО ........ 9
1.2. ПРЕКУ РЕФОРМИ ДО ЕВРОПСКИ ВРЕДНОСТИ - ОДИМЕ КОН ЕУ ........ 10
1.3. ИНТЕГРАЦИИТЕ НОСАТ ИНВЕСТИЦИИ ........ 12
2. СИЛНА ЕКОНОМИЈА - ШАНСА ЗА СИТЕ ........ 14
2.1. ПОВЕЌЕ ПАРИ КАЈ ГРАЃАНИТЕ ........ 15
2.2. НОВИ И ПОДОБРИ ПЛАТЕНИ РАБОТНИ МЕСТА ........ 17
2.3. ПОДДРШКА ЗА ФИРМИТЕ, ЕДНАКОВ ТРЕТМАН НА ДОМАШНИТЕ И СТРАНСКИТЕ КОМПАНИИ ........ 17
2.4. КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ........ 18
3. ДРЖАВА ЗА ГРАЃАНИТЕ - ВЛОЖУВАМЕ ВО ЛУЃЕТО, СЕ ГРИЖИМЕ ........ 20
3.1. ДОСТОИНСТВЕНА ЖИВЕЈАЧКА ........ 21
3.2. ПОЛИЦИЈАТА - ПРИЈАТЕЛ И ЗАШТИТНИК НА ГРАЃАНИТЕ ........ 22
3.3. УСЛУГАТА ПОБЛИСКУ ДО ТЕБЕ ........ 22
3.4. ВЛОЖУВАМЕ ЗА ПОДОБРА ЖИВОТНА СРЕДИНА ........ 23
3.5. ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ СЕ НАЈВАЖНИ ........ 24
3.6. ГРИЖА ЗА ПАЦИЕНТИТЕ И СОВРЕМЕНИ БОЛНИЦИ ........ 25
4. ЕДНО ОПШТЕСТВО, ПРАВИЧНО И ЕДНАКВО ........ 26
4.1. НЕДИСКРИМИНАЦИЈА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ........ 27
4.2. РАМНОМЕРЕН ИНКЛУЗИВЕН РАЗВОЈ И ИНТЕРКУЛТУРА ........ 29
4.3. РОДОВА ЕДНАКВОСТ И БОРБА ПРОТИВ РОДОВО БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО ........ 30
5. ОТВОРЕНА ВЛАДА ВО СЛУЖБА НА ГРАЃАНИТЕ ........ 32
5.1. ТРАНСПАРЕНТНИ И ОТЧЕТНИ ИНСТИТУЦИИ ........ 33
5.2. ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА И ДЕПАРТИЗАЦИЈА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ........ 34
5.3. БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ........ 34
5.4. СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕТО ........ 34
СИСТЕМ ЗА КОМУНИКАЦИИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - КОИ СЕ НАШИТЕ ЦЕЛИ, ФУНКЦИИ И КАКО СМЕ ОРГАНИЗИРАНИ ........ 36
МАТРИЦА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ВЛАДИНИТЕ КОМУНИКАЦИИ ........ 38
ПЛАНИРАЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ ПРЕКУ МОДЕЛОТ OASIS ........ 39
ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА НА КОМУНИКАЦИИТЕ ВО 2019-2020 ГОДИНА ........ 42
ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС И ВЛАДИНИТЕ КОМУНИКАЦИИ ........ 43
КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ ЗА ВЛАДИНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ ........ 45

# ВОВЕДЕН ЗБОР



Почитувани граѓани, колеги министри од Владата, драги советници и службеници за односи со јавност,

Владата на Република Северна Македонија инициراше и спроведува амбициозна програма за политички и демократски реформи за да ја врати довербата на граѓаните во институциите на системот. За да се гради таа доверба, неопходно е институциите да комуницираат искрено, објективно и навремено со граѓаните и со претставниците на медиумите.

Ние, како централна извршна институција, се заложивме дека во својата работа, а особено во сферата на комуникациите, ќе бидеме отворена влада. Така почнавме уште од првиот ден, кога ширум ги отворивме портите на Владата за новинарите, снимателите и фоторепортерите, така и продолжуваме, со секојдневно објавување податоци, документи и информации од интерес на јавноста.

Оваа влада се определи за гласност, а не за молк. Гласност треба да има, и ние сме горди што учествувавме во создавањето на тој амбиент. Гласноста им овозможува на професионалните и независни медиуми да го изразат ставот на граѓаните и интересот на јавноста во една демократска држава. А оваа отворена и демократска влада го слуша гласот на своите граѓани за да се подобрува и да остане доследна на зацртаните приоритети.

Затоа, политиките на Владата преку овој комуникациски план ги доближуваме до граѓаните. Развиваме проактивни владини комуникации, при што заедно со граѓаните, придонесуваме кон изградбата на Северна Македонија како земја којашто е дел од глобалниот демократски свет, со силна економија којашто нуди шанса за секој граѓанин, држава којашто се грижи и вложува во своите луѓе, праведно и еднакво општество, земја предводена од отворена влада.

Денес сум среќен и горд што сите можеме да се потпреме врз овој стратешки документ во којшто дефинираме стандарди на отворената комуникација меѓу Владата и јавноста. Развивме демократски систем за односи со јавноста, целосно нов концепт за активна транспарентност и отчетност на владините институции кон граѓаните, како и нова култура на критичка и слободна јавна дискусија во медиумскиот етер. Тоа е слобода и демократија.

За крај на ова мое воведно обраќање за Комуникациската стратегија на Владата, на сите граѓани им посакувам да останат посветени во придонесот кон градењето заедничко демократско и фер општество, а на колегите од Владата им се заблагодарувам за трудот и посветеноста во отворањето на институциите и им порачувам дека нè чека уште многу ангажман, бидејќи тоа го бараат и очекуваат граѓаните. Исто така, им се заблагодарувам на Владата на Обединетото Кралство, на УСАИД и на Институтот за комуникациски студии за поддршката во создавањето на овој стратешки документ и во градењето професионален комуникациски сервис на Владата.

**Роберт Поповски**

**Министер без ресор, задолжен за комуникации, транспарентност и отчетност во Владата на Република Северна Македонија**

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ



Почитувани граѓани, почитувани колеги,

Пред вас е документ којшто е резултат на речиси двегодишен ангажман и соработка на владините службеници за односи со јавноста кои, во согласност со определбата на Владата да биде отворена, се вложија во создавањето систем за владини комуникации, којшто е организиран и пред сè, е демократски и сервисен.

Денес, граѓаните, во нивна служба и во служба на јавниот интерес, имаат владин прес-сервис, составен од секторите за односи со јавност на Владата и на министерствата, чија основна задача е да одговара на прашањата на медиумите, да ги објаснува мерките и политиките од Програмата за работа на Владата, да ја обезбеди отчетноста на институциите и да го подобрува угледот на Северна Македонија надвор од границите на земјата.

Овој концепт за отвореност и сервисна ориентираност на ПР-от на Владата не беше наследен, ниту можеше да се најде низ институционалните протоколи за работата на Владата до 2017 година. Го изградивме од темел, со голема поддршка од претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев и со подготвеност и посветеност на министрите и на владините комуникатори. Гласот на јавноста многу ни помогна за да изградиме комуникациски капацитети кои се темелат врз демократски вредности, како што се разбирањето на критиката, отчетноста, услужноста и слободата.

Се вмреживме внатрешно за да постигнеме прецизна организациска поставеност, којашто е опишана во овој документ. Развивме план за професионален развој, стандарди за комуникации од јавен интерес и кодекс за владини комуникатори. Според овие стандарди, владините односи со јавноста, и практично и официјално, се подредуваат според правилата на етичкото, одговорно и професионално комуницирање.

Во нашата работа ние се водиме од јавниот интерес и од нашата визија да обезбедиме високо ниво на доверба меѓу граѓаните и институциите. Притоа, најголема пречка на патот кон достигнувањето на посакуваната доверба се дезинформациите и организираното создавање и ширење манипулации. Ние сме целосно свесни за овие предизвици и ќе го вложиме сиот капацитет на нашиот организиран систем да се спротивставиме и да ја намалиме штетата која лажните вести ја предизвикуваат врз јавниот интерес.

На сите колеги им посакуваме професионалност и успех во работата, а пред граѓаните се обврзуваме дека Владата ќе ја отвораме уште повеќе, во согласност со нивните очекувања.

**Марјан Забрчанец**

**Посебен советник за односи со јавноста**
**на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**



# 1
## НИЕ СМЕ НАТО, ОДИМЕ ВО ЕУ









# 2
## СИЛНА ЕКОНОМИЈА - ШАНСА ЗА СИТЕ







# 3
## ДРЖАВА ЗА ГРАЃАНИТЕ - ВЛОЖУВАМЕ ВО ЛУЃЕТО, СЕ ГРИЖИМЕ







# 4
## ЕДНО ОПШТЕСТВО, ПРАВИЧНО И ЕДНАКВО



# 5
## ОТВОРЕНА ВЛАДА ВО СЛУЖБА НА ГРАЃАНИТЕ








# ПЛАН ЗА КОМУНИКАЦИИ ВО ПЕТ ТЕМИ

Ова е првиот усвоен План за комуникации на Владата на Република Северна Македонија. Изготвен е со цел да им помогне на владините комуникатори подобро да ги разберат владините приоритети за периодот 2019-2020 година и поефикасно да ги пренесат визиите и плановите на Владата кон граѓаните.

Уште поважно, Планот е поткрепен со професионални и етички стандарди за владините комуникации и со вештини коишто треба да ги поседуваат владините службеници коишто работат во делот на комуникациите.

Планот за комуникации содржи пет главни теми, врз кои се темелат владините политики:

1 НИЕ СМЕ НАТО, ОДИМЕ ВО ЕУ

2 СИЛНА ЕКОНОМИЈА - ШАНСА ЗА СИТЕ

3 ДРЖАВА ЗА ГРАЃАНИТЕ - ВЛОЖУВАМЕ ВО ЛУЃЕТО, СЕ ГРИЖИМЕ

4 ЕДНО ОПШТЕСТВО, ПРАВИЧНО И ЕДНАКВО

5 ОТВОРЕНА ВЛАДА ВО СЛУЖБА НА ГРАЃАНИТЕ

Оваа Стратегија е само почетна точка и нејзината реализација ќе зависи како од владините комуникатори, така и од сите реализатори на владините политики и сите службеници коишто се во контакт со граѓаните. Во развојот на овој документ Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија тесно соработуваше со комуникаторите во секое министерство, а приоритетите, целите и задачите наведени во документот се производ на заедничката меѓу-ресорска работа.



# 1

# НИЕ СМЕ НАТО, ОДИМЕ ВО ЕУ

***Република Северна Македонија како еднаков партнер на меѓународната сцена - дел од просперитетниот, демократски и правичен свет, којашто нуди шанса за сите свои граѓани.***

## КЛУЧНИ ПРИОРИТЕТИ

1.1. Стабилна и безбедна земја - Ние сме НАТО

1.2. Преку реформите до европски вредности - Одиме кон ЕУ

1.3. Интеграциите носат инвестиции

## 1.1. СТАБИЛНА И БЕЗБЕДНА ЗЕМЈА - НИЕ СМЕ НАТО!

Започна трката помеѓу земјите членки на НАТО за ратификацијата на Протоколот за членство на Северна Македонија во Алијансата. Исполнивме 27-годишна стратешка цел за нашата држава, со којашто се гарантира стабилноста и неповредливоста на границите, а од друга страна, земјата се отвора за странски инвестиции и економски развој.

Владата ќе ја информира јавноста за процесот на зачленување на земјата во НАТО и ќе ги презентира добрите практики и примери од земјите членки на НАТО, со цел да ги објасни реформските процеси коишто ќе произлегуваат од зачленувањето на нашата земја во НАТО и да ги доближи можностите и придобивките од тие реформи за граѓаните.









## 1.2. ПРЕКУ РЕФОРМИ ДО ЕВРОПСКИ ВРЕДНОСТИ - ОДИМЕ КОН ЕУ!

Сите ние, како граѓани на Република Северна Македонија, презедовме обврска да го изодиме патот кон ЕУ за да ја развиеме нашата држава во место каде што се живее добро.

Се подготвуваме за почеток на преговорите и очекуваме позитивна оценка во следниот извештај на ЕУ, со одлука за почеток на преговорите оваа година. Пакетот реформи на ЕУ коишто, пред сè, наша домашна обврска и потреба, вклучуваат:

- Реформа на јавната администрација
- Реформа во правосудството
- Реформа во областа на разузнавањето и безбедноста
- Борба против корупцијата и организираниот криминал





















Дополнително, развојот во повеќе сектори со цел развивање европски стандарди на живот за граѓаните ќе биде поддржан преку фондови на ЕУ.



Владата на Република Северна Македонија ќе ја информира јавноста за подготовката и за процесот на преговори со ЕУ, како и за спроведувањето на пакетот реформи, со цел општествена консултација и доближување на реформите до граѓаните и зголемена динамика за суштинско спроведување на зацртаните промени.

Владата ќе ги информира граѓаните за можностите и за начинот на аплицирање за развојните фондови на ЕУ во различни области, заради зголемена и ефективна употреба на фондовите.






# 1.3. ИНТЕГРАЦИИТЕ НОСАТ ИНВЕСТИЦИИ

Стабилноста на државата носи сигурност за инвеститорите. Растат странските инвестиции; во 2018 година, НБРСМ забележа рекордно ниво на странски директни инвестиции од 624,5 милиони евра, за 267% повисок износ во однос на просекот на нивото на СДИ во периодот 2010-2017 година. Фокусот е ставен на привлекување странски компании со повисок степен на технолошки развој, за повисоко платени работни места. Во досегашниот мандат на оваа Влада, во фаза на реализација се 18 нови странски инвестиции, со најава за дополнителни позитивни одлуки, а десетици други изразуваат интерес за инвестиција. Оваа година се издвоени околу 10,5 милиони евра од Буџетот на РСМ за поддршка на странски директни инвестиции, за технолошки развој и повисока продуктивност, за знаења и вештини, за поттикнување на конкурентноста на пазарите и за подобрување на соработката со домашните компании.

Владата ќе комуницира со странските инвеститори и за условите за инвестирање во земјата преку три регионални канцеларии низ светот, со цел привлекување инвестиции и отворање нови, добро платени работни места во земјата. Дополнително, ќе ги информираме граѓаните и бизнис заедницата за новостите и ефектите од работата на технолошко-индустриските развојни зони (ТИРЗ) во Република Северна Македонија.












# СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ

**624,5**
**милиони евра**
**ДИРЕКТНИ СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ**

**18**
**НОВИ СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ**

**10,5**
**милиони евра**
поддршка на странски директни инвестиции







# 2

# СИЛНА ЕКОНОМИЈА - ШАНСА ЗА СИТЕ

***Создавањето силна и праведна економија којашто го поттикнува растот создава работни места и ги поддржува и оние кои се најранливи.***

## КЛУЧНИ ПРИОРИТЕТИ

2.1. Повеќе пари кај граѓаните

2.2. Нови и подобро платени работни места

2.3. Поддршка за фирмите, еднаков третман на домашните и странските компании

2.4. Капитални инвестиции - безбедни патишта и чиста енергија

## 2.1. ПОВЕЌЕ ПАРИ КАЈ ГРАЃАНИТЕ

Владата на Република Северна Македонија ќе реализира јавни комуникации со коишто до граѓаните и до компаниите ќе ги доближи мерките - Поврат на 15% ДДВ кон граѓаните и поврат на ДДВ кон компаниите.

Владата редовно ќе информира за политиките за раст на просечната плата, за новото покачување на минималната плата, како и за покачувањата на платите во здравството, во образованието, во детската и социјалната заштита, во одбраната.











Владата ќе ја промовира социјалната реформа и политика којашто има за цел да ги извлече граѓаните од сиромаштија и да ги активира на пазарот на трудот.




Владата ќе ги информира граѓаните за мерките за субвенциониран годишен одмор, како и за субвенциите за енергетска ефикасност, со цел да се зголеми опфатот на корисници и да се поддржи туризмот и животната средина во земјата.




Редовни информации ќе добиваат и земјоделците, особено за мерките што се однесуваат на намалување на трошоците (зелена нафта, поврат на персоналниот данок на доход) и субвенциите коишто служат како поддршка за модернизацијата и зголемувањето на земјоделското производство.








## 2.2. НОВИ И ПОДОБРО ПЛАТЕНИ РАБОТНИ МЕСТА

Владата ќе реализира кампања со којашто ќе ги информира граѓаните и компаниите за политиките за отворање нови и добро платени работни места преку Оперативниот план за вработување за 2019 година и Планот за економски раст - Закон за финансиска поддршка на инвестициите.

Економските ресори во Владата на Република Северна Македонија ќе известуваат редовно за преземените активности на Владата во врска со намалувањето на невработеноста.








## 2.3. ПОДДРШКА ЗА ФИРМИТЕ, ЕДНАКОВ ТРЕТМАН НА ДОМАШНИТЕ И СТРАНСКИТЕ КОМПАНИИ

Владата на Република Северна Македонија ќе ги доближува до граѓаните и компаниите мерките за поддршка на инвестициите, за раст на извозот и подобрување на конкурентноста, за поддршка на мали, средни и микро фирми, за иновациите и стартап компаниите од Планот за економски раст и од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво.















## 2.4. КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ - ЧИСТА ЕНЕРГИЈА И БЕЗБЕДНИ ПАТИШТА

Владата на Република Северна Македонија ќе ги информира граѓаните и компаниите за стратешките капитални проекти за патно, железничко и енергетско поврзување, со цел да се обезбеди брз, безбеден и конкурентен транспорт и проток на патници, стоки и производи, регионално поврзување, гасификација и освојување нови пазари, како солидна основа за забрзан развој на економијата.














## ЕДНАКОВ ТРЕТМАН НА ДОМАШНИТЕ И СТРАНСКИТЕ КОМПАНИИ



# 3

# ДРЖАВА ЗА ГРАЃАНИТЕ - ВЛОЖУВАМЕ ВО ЛУЃЕТО, СЕ ГРИЖИМЕ

*Градиме држава којашто идните генерации со гордост ќе ја нарекуваат свој дом.*

## КЛУЧНИ ПРИОРИТЕТИ

3.1. Достоинствена живејачка

3.2. Полицијата - пријател и заштитник на граѓаните

3.3. Услугата поблиску до тебе

3.4. Вложуваме за подобра животна средина

3.5. Децата и младите се најважни

3.6. Грижа за пациентите и современи болници

## 3.1. ДОСТОИНСТВЕНА ЖИВЕЈАЧКА

Граѓаните и фирмите ќе бидат информирани за новата правична казнена политика со којашто се намалуваат казните во насока на нивно приспособување кон животниот стандард - до 70% помалку за граѓаните и до 60% помалку за фирмите, и ќе реализира комуникации со коишто ќе се промовира намалувањето на извршителските и нотарските трошоци за 50% до 90%.

Комуникацијата ќе се фокусира и врз подигнување на свеста и информирање на ранливите групи граѓани за користењето бесплатна правна помош, со цел поголема заштита на правата на ранливите групи. Дополнително, ќе се спроведе кампања за информирање на ранливите категории граѓани и компаниите за измената на тарифата за извршување и нотарските тарифи, со цел запознавање на нивните права и заштита на достоинството преку приспособување на казните според животниот стандард на граѓаните и компаниите.






## 3.2. ПОЛИЦИЈАТА, ПРИЈАТЕЛ И ЗАШТИТНИК НА ГРАЃАНИТЕ

Преку јавни кампањи ќе ги информираме граѓаните за воведувањето на маалските позорникари, со коишто се зголемува безбедноста и довербата меѓу граѓаните и полицијата.








## 3.3. УСЛУГАТА ПОБЛИСКУ ДО ТЕБЕ

Институциите интензивно работат на граѓаните да им обезбедат помалку време поминато на шалтер, брза и дигитализирана услуга достапна во секој дом, како и зголемена доверба кон државните сервиси.

Владата на Република Северна Македонија ќе ги информира граѓаните за отворањето на центрите „Една точка за услуги“, за скратените рокови за издавање документи со достава до домот и за воведувањето на една точка на контрола на границите, со што ќе се намали времето во кое граѓаните ја добиваат услугата.



Ќе спроведеме едукативна кампања за граѓаните во којашто ќе ги известиме за електронските и дигитални услуги коишто може да ги добијат од институциите.

Јавноста ќе биде информирана и за изградбата на нови патишта, како и за реконструкција на постојната патна мрежа во земјата, со цел граѓаните, општините и стопанството да имаат подобра поврзаност, полесна комуникација, брз и сигурен транспорт на стоките и услугите. Ќе ги информираме граѓаните и стопанството за изградба на нови пруги, преку коишто со соседите се поврзуваме железнички, на граѓаните им овозможуваме нови правци, а на компаниите поголема конкурентност и освојување нови пазари.

Континуирано ќе го информираме локалното население за изградба на пречистителните станици и за третманот на отпадните води со коишто се обезбедуваат чисти реки, заштита на почвата и заштита на подземни води/бунари, како и, воопшто, урбана хигиена, но и за изградбата на регионалните депонии, коишто ќе го зголемат квалитетот на живеењето, заштитата на животната средина и, воопшто, одржливиот развој на заедниците.

Ќе ги информираме граѓаните од руралните средини за можноста за здравствена услуга и нега во домот и за патронажните сервиси. Ќе се спроведе и информативна кампања за пациентите и лекарите во поликлиниките за реформите и можностите при зајакнувањето и проширувањето на примарната здравствена заштита, со цел да се обезбедат повеќе здравствени услуги за пациентите.





## 3.4. ВЛОЖУВАМЕ ВО ПОДОБРА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Ќе ги мотивираме и ќе ги мобилизираме граѓаните, граѓанските организации и институциите со цел да се обезбеди здружена акција за реализација на Планот за чист воздух. Ќе ја информираме јавноста за серијата мерки за заштитата на природното богатство и биоразновидноста, обезбедувајќи долгорочна здрава животна средина и нејзин одржлив развој за граѓаните.






## 3.5. ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ СЕ НАЈВАЖНИ

Владата на Република Северна Македонија ќе ги информира граѓаните за инвестициите во детската заштита, во основното, средното и високото образование и во здравството, со цел овозможување квалитетен ран детски развој и квалитетен човечки капитал. Ќе ги промовираме предностите и можностите од згрижување деца без родители со цел да се обезбедат згрижувачки семејства и топол дом за што е можно повеќе деца. Граѓаните ќе се информираат и за социјалните политики со коишто се проширува правото за користење на образовниот и детскиот додаток за над 70.000 деца, со цел нивно извлекување над линијата на сиромаштија и вклучување во образовен процес.

Владата ќе ги информира учениците и нивните родители за употребата на новите дигитални методи за учење и стекнување вештини во образовниот систем, за модернизацијата на средното стручно образование и за реформите и контролата на квалитетот во високото образование.

МладиМК




Владата ќе ја промовира европската младинска картичка во Северна Македонија, со којашто младите ќе можат да добијат илјадници услуги од различни компании и институции во земјата и во Европа по повластени и пониски младински и солидарни цени.

Владата ќе ги информира младите идни лекари и актуелниот медицински персонал за вложувањата во домашниот медицински кадар, за зголемувањето на платите и подобрувањето на условите за работа, со цел младите здравствени работници да останат тука и да обезбедуваат квалитетна здравствена заштита за граѓаните.








## 3.6. ГРИЖА ЗА ПАЦИЕНТИТЕ И СОВРЕМЕНИ БОЛНИЦИ

Ќе продолжиме со спроведувањето комуникации за имунизацијата и за проширената база на лекови за ретките болести, со цел да го подигнеме колективниот имунитет и да обезбедиме навремена и современа терапија за оние на кои им е потребна.

Владата на Република Северна Македонија ќе ги информира граѓаните за подготовките и почетокот на изградба на новиот клинички центар, како и за тековните изградби, реконструкции и опремувања на јавните здравствени установи.

Владата ќе ги доближи до граѓаните придобивките од новиот закон за прекинување на бременоста.


















# 4

# ЕДНО ОПШТЕСТВО, ПРАВИЧНО И ЕДНАКВО

*Владата на Република Северна Македонија, водена од потребата за внатрешна интеграција и кохезија помеѓу различните заедници и култури во нашето општество, како и за имплементација на препораките од Советот на Европа посочени во Извештајот на Европската комисија од 17.04.2018 година, ја издвои политиката за „Едно општество" како една од нејзините суштински столбови. Целта е да ја развиеме нашата земја како едно, правично и еднакво мултикултурно општество коешто се грижи за различностите, ги поддржува универзалните права и обезбедува еднаков пристап до услугите и заштитата за сите граѓани.*

## КЛУЧНИ ПРИОРИТЕТИ

4.1. Недискриминација и еднакви можности

4.2. Рамномерен инклузивен развој и интеркултура

4.3. Родова еднаквост и борба против родово базираното насилство

## 4.1. НЕДИСКРИМИНАЦИЈА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ







Владата ќе ја информира јавноста за придобивките од новиот закон и механизмите за заштита од дискриминација, со цел да се обезбеди заштита на правата и еднакви можности за сите граѓани во општеството.

Со вклучувањето на основите на сексуална ориентација и родов идентитет, законот ја проширува заштитата од дискриминација кон оваа група граѓани. За првпат се воведува терминот „сегрегација", како и заштита и спречување на дискриминацијата на лицата со попреченост.

Ќе се известува за реформите во основно и средно образование со цел зголемување на инклузијата во образовниот систем, особено за учениците со посебни образовни потреби, учениците од маргинализирани групи и средини и децата коишто не биле вклучени во настава. Ќе се промовира ревизијата на наставните програми и учебници според концептот на еднаквост и недискриминација.

Владата ќе информира за воведувањето пристапни рампи во јавните и културните установи и за воведувањето знаковен јазик на театарските претстави.

Ќе продолжиме да го промовираме и започнатиот процес на деинституционализација, односно напуштање на нехуманите установи во замена за топла семејна грижа за децата без родители.

Владата ќе информира за унапредувањето на употребата и примената на јазиците коишто ги зборуваат граѓаните на Република Северна Македонија, во согласност со новиот Закон за употреба на јазиците. Владата ќе го промовира воведувањето на изборен предмет Јазик и култура на Ромите, на Бошњаците и на Власите во образованието, како и зајакнувањето на програмата за изучување на мајчиниот јазик во дијаспората, со зголемување на бројот на наставници. Владата ќе продолжи да ги промовира заштитата и унапредувањето на македонскиот јазик којшто го зборуваат граѓаните во Северна Македонија и во дијаспората.

Во рамките на националната Стратегија за соработка со дијаспората, Владата ќе известува за сите активности за соработка на државата со својата дијаспора, за нејзината политичка вклученост, за остварувањето на нејзините граѓански и социјални права и за воспоставувањето културни врски и зачувувањето на културниот идентитет и културното наследство на дијаспората.












## 4.2. РАМНОМЕРЕН ИНКЛУЗИВЕН РАЗВОЈ И ИНТЕРКУЛТУРА



Владата на Република Северна Македонија ќе ја информира јавноста за проектите во склоп на Програмата за рамномерен развој, којашто преку финансиска поддршка на планските региони и општини, има за цел да развие подобрен воедначен пристап до услугите за сите граѓани во согласност со нивните потреби, без разлика дали живеат во урбани или рурални општини, без разлика на етничката, верската и родовата припадност, на социјалниот статус или на состојбата во којашто се наоѓаат.

Дополнително, Владата ќе информира и за механизмите коишто ги развива за поттикнување на граѓанското учество во утврдување и реализација на приоритетите за локалниот и регионалниот развој, со цел да се обезбеди информираност, предвидливост и поголемо граѓанско учество на локално ниво.

Владата ќе ја промовира и децентрализацијата и демонополизацијата во културата, којашто се спроведува преку систематско развивање, планирање, финансирање и реализација на културни програми со двојна цел: достапност на културните содржини од „метрополата“ во внатрешноста, и обратно - поголемо присуство на културни содржини од внатрешноста во главниот град. Владата ќе известува за процесот на реконструкција, санација и адаптација на објектите на националните установи - во 2019 година се планираат реконструкции на повеќе објекти од областа на културата во разни подрачја на земјата, со цел да обезбеди рамномерен и инклузивен развој на културата на целата територија на Република Северна Македонија и да ги доближи уметничките содржини до што е можно повеќе граѓани.





Владата ќе ги промовира можностите и содржините на „Нов културен бран“, преку којшто се нудат механизми за активирање на независната културна сцена. Конкурсот има за цел да ги промовира и да ги стимулира авторите и проектите коишто имаат мултимедијален и интердисциплинарен карактер, а во исто време охрабрува да заживеат и некои напуштени и алтернативни објекти и простори, како и да даде поддршка за мали мобилни проекти во локалните средини, во соработка со здруженија и поединци од невладиниот сектор и локалните културни установи.

НОВ
КУЛТУРЕН
БРАН

## 4.3. РОДОВА ЕДНАКВОСТ И БОРБА ПРОТИВ РОДОВО БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО

Владата на Република Северна Македонија ќе ја информира јавноста за имплементацијата на Стратегијата за родова еднаквост со цел да се постигне еднакво учество на жените во сите сегменти на општеството. Ќе се известува за новиот Закон за работни односи, со којшто се дава еднакво учество на жените и мажите на пазарот на трудот, како и за ревизијата на содржините на наставните програми и учебниците во основно и средно образование од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.









Владата ќе го промовира и процесот на подготовка и носење на законско решение за родово базираното насилство, со цел да се обезбеди спречување и заштита од сите видови насилство на жените и девојчињата, вклучувајќи го и семејното насилство. Истовремено, јавноста ќе се информира за отворањето нови прифатилишта и за оние коишто се во функција, како и за СОС - телефонот, со цел да се подигне свеста во општеството за пријавување на насилството. Јавноста ќе се информира и за воведувањето стандарди во основното образование, со коишто ќе се цели кон намалување на врсничкото насилство во училиштата.



За првпат се воведува терминот „сегрегација“, како и заштита и спречување на дискриминацијата на лицата со попреченост










## „НОВ КУЛТУРЕН БРАН“

Конкурсот има за цел да ги промовира и да ги стимулира авторите и проектите кои имаат мултимедијален и интердисциплинарен карактер, а во исто време охрабрува да заживеат и некои напуштени и алтернативни објекти и простори, како и да даде поддршка за мали мобилни проекти



# 5

# ОТВОРЕНА ВЛАДА ВО СЛУЖБА НА ГРАЃАНИТЕ

*Работиме врз трансформација на владата и наследените затворени институции во отворени, а државната администрација ја департизираме и ја професионализираме. Транспарентни и отчетни институции, заедно со професионални и независни медиуми, може силно да ѝ се спротивстават на корупцијата и да обезбедат професионални служби за граѓаните.*

## КЛУЧНИ ПРИОРИТЕТИ

5.1. Транспарентни и отчетни институции

5.2. Професионализација и департизација на јавната администрација

5.3. Борба против корупцијата

5.4. Слобода на изразувањето

## 5.1. ТРАНСПАРЕНТНИ И ОТЧЕТНИ ИНСТИТУЦИИ

Владата на Република Северна Македонија ќе продолжи проактивно да објавува информации и документи поврзани со работењето на институциите и ќе се зголемува и бројот на институции коишто се трансформираат од затворени во отворени. Ќе се зголемува обемот и на отворени податоци, коишто редовно се објавуваат на новиот Портал за отворени податоци. Владата ќе продолжи да ги објавува трошењата на носителите на јавни функции, а ќе се објавуваат и целокупните трошења на институциите. Ќе се промовираат можностите од измените на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, во насока на зголемување на респонзивноста (одговорноста) на институциите и олеснување на пристапот на граѓаните до јавните информации.

Преку Стратегијата за транспарентност, Владата системски ќе ги втемели стандардите на Отворена влада и ќе обезбеди одржливост на процесот на реформирање на институциите.






## 5.2. ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА И ДЕПАРТИЗАЦИЈА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Владата активно работи врз професионализација и департизација на јавната администрација, како и врз зајакната борба за искоренување на непотизмот во институциите.

Јавноста ќе биде информирана за сите новости кои произлегуваат од хоризонталната функционална анализа на администрацијата, од новиот Закон за високо раководна служба, од измените на Законот за административните службеници, како и на Законот за вработените во јавниот сектор.

Владата ќе го промовира концептот за транспарентен начин на избор на директори и државни секретари, коишто ќе имаат најголема компетенција и искуство во рамки на пријавените, наместо директори според партиска припадност. Ќе се промовира укинувањето на дел од управните и надзорните одбори во институциите.

## 5.3. БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

Владата ќе води активна јавна комуникација против корупцијата, поддржувајќи ги институционалните решенија коишто произлегуваат од новиот Закон за спречување на корупцијата и од работата на реформираната Државна комисија за спречување на корупцијата. Владата ќе ги повикува граѓаните да ѝ се спротивстават на корупцијата користејќи ги механизмите за пријавување и спречување.





## 5.4. СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕТО

Владата, преку јавните комуникации, ќе продолжи да го поддржува независниот медиумски простор, ослободен од политички влијанија. Владата јавно ќе се залага за слобода на изразувањето, но и за спречување на ширењето на дезинформациите и говорот на омраза, со цел граѓаните да бидат точно и навремено информирани и активно да учествуваат во општествените промени.

Ќе се промовираат новостите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со коишто ќе се реформира Националната радиотелевизија и транспарентно ќе се известува за системските решенија за поддршка на медиумите и медиумските работници.



Јавноста ќе биде информирана за сите новости кои произлегуваат од хоризонталната функционална анализа на администрацијата





Владата јавно ќе се залага за слобода на изразувањето, но и за спречување на ширењето на дезинформациите и говорот на омраза, со цел граѓаните да бидат точно и навремено информирани и активно да учествуваат во општествените промени

# СИСТЕМ ЗА КОМУНИКАЦИИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - КОИ СЕ НАШИТЕ ЦЕЛИ, ФУНКЦИИ И КАКО СМЕ ОРГАНИЗИРАНИ?

## ВИЗИЈА

Северна Македонија е општество во коешто комуникациите на институциите се целосно посветени на јавниот интерес и во коешто постои високо ниво на доверба меѓу граѓаните и институциите.

## МИСИЈА

Точно, јасно и навремено информирање на сите граѓани преку различни канали на комуникација за услугите и политиките на Владата и воспоставување механизми за двонасочна комуникација меѓу граѓаните и институциите.

## ОСНОВНИ ФУНКЦИИ НА КОМУНИКАЦИСКИОТ СЕРВИС:

- Да обезбеди постојана проактивна и реактивна комуникација со медиумите
- Да ги доближи приоритетите и политиките на Владата до граѓаните
- Да ги информира граѓаните за сервисите коишто ги обезбедуваат институциите за нив
- Да спроведува кампањи за јавно добро и од јавен интерес со коишто се промовираат вредности, мерки и сервиси за поквалитетен живот на граѓаните
- Да го информира населението во случај на кризи, несреќи и катастрофи
- Да обезбеди активна транспарентност и отчетност за работата на институциите
- Да го подобрува угледот на земјата надвор од своите граници
- Да обезбеди внатрешна комуникација на институциите со државните службеници
- Да обезбеди редовен контакт со граѓаните (електронска, писмена и вербална комуникација)

Во секторот постојат помали одделенија коишто ги извршуваат наведените функции, вклучувајќи: Канцеларија на портпарол за комуникација со медиуми, одговори на прашања од јавен интерес и организација и модерирање на прес-конференции; Прес служба за пишување најави, соопштенија, тези, предлог изјави и обраќања; Одделение за дигитални комуникации коешто обезбедува активна транспарентност на Владата преку онлајн комуникации и управува со веб - страницата и профилите на социјалните медиуми на Владата; Тим за продукција, за техничка поддршка во организација на активности и продукција на фотографии и видео материјали; Одделение за мониторинг на традиционални и нови медиуми, тим за истражување и анализи, лица задолжени за организација на настани и процеси како и лица за административна и логистичка поддршка. Овие тимови имаат координатори, коишто го сочинуваат координативното тело за стратешко планирање на проактивни и реактивни комуникации на Владата.

ЗБОРОТ е ЗБОР!
100 дена
ВЛАДА ЗА ГРАЃАНИТЕ

## Враќање на евтината тарифа на електрична енергија

Започнавме процедура на враќање на евтината дневна тарифа на електричната енергија за сите граѓани



## Минимална плата од 12.000 денари

Усвоивме закон за минимална плата од 12.000 денари и рамноправност на работниците во текстилно-кожарската индустрија

1 ГОДИНА ПРОМЕНИ
МАКЕДОНИЈА ЗА СИТЕ









ОДГОВОРНО ПРЕД ГРАЃАНИТЕ
ДВЕ ГОДИНИ ВЛАДА




ОДГОВОРНО ПРЕД ГРАЃАНИТЕ
ДВЕ ГОДИНИ ВЛАДА

Изградени се **4** нови **основни училишта**, уште **2** се градат.
Реконструирани и доградени се **8** основни училишта.

Реконструирани се **3 средни училишта**.

Пуштени во употреба се **11 училишни спортски сали**, а уште **19** се градат.

**ГРАДИМЕ ПО ПЛАН**
VLADA.MK



# МАТРИЦА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ВЛАДИНИТЕ КОМУНИКАЦИИ

Централниот Сектор за односи со јавноста  на Владата е во постојана координација со Кабинетот на претседателот на Владата, со кабинетите на замениците на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, со одделенијата за односи со јавност на министерствата и институциите во рамки на Владата, преку систем на матрица за стратешко планирање на проактивните комуникации на Владата, познат како ГРИД - систем, моделот што го користи владиниот комуникациски сервис на Велика Британија.



Матрицата е стратешка алатка за планирање неделни проактивни комуникации со јавност за Владата и министерствата



Матрицата е двоседмичен документ со којшто се усогласуваат сите вести коишто ги произведуваат владините институции, со цел максимален ефект



Матрицата ѝ овозможува на Владата да го утврди дневниот ред на своите активности и плански да комуницира



Министрите се однапред запознаени со активностите на целата влада и другите важни субјекти во општеството

# ПЛАНИРАЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ ПРЕКУ МОДЕЛОТ OASIS

OASIS е серија од чекори којшто помага во воспоставувањето ред и јасност при планирањето на комуникациите. Целта е да се помогне процесот на планирање да стане поригорозен и подоследен, а истовремено да се обезбеди сите владини комуникации да бидат ефективни, ефикасни и евалуирани.





**OASIS - серија од чекори коишто помагаат во воспоставување ред и јасност при планирањето на комуникациите**

## ЦЕЛИ

***Кусо наведете што сакате да постигнете со комуникациската активност.***

Започнете со политичката цел и дефинирајте ја улогата којашто ќе ја имаат комуникациите како поддршка во нејзиното остварување. Целите треба да бидат остварливи, мерливи и да се фокусираат врз крајните резултати (outcomes), а не врз резултатите коишто биле постигнати сега и веднаш (outputs).

## ЦЕЛНА ПУБЛИКА

***За кого е наменета комуникацијата?***

Разбирањето на нашата публика е од суштинска важност за да имаме ефективни комуникации. Користете увид за да добиете целосна претстава за тоа која е вашата публика и што е она коешто ја мотивира таа публика.

## СТРАТЕГИЈА/ИДЕЈА

***Кој е вашиот пристап?***

Користете го увидот во вашата публика за да го определите пристапот којшто ќе го имаат комуникациските активности. Кои ќе бидат вашите клучни пораки? Кои канали ќе ги користите со цел да допрете до вашата публика на најдобар можен начин?

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

***Како ќе ги реализирате комуникациите?***

Наведете детален план за начинот на којшто ќе ја реализирате комуникациската активност, како и ресурсите коишто сте ги алоцирале за таквата реализација и временската рамка.

## БОДУВАЊЕ/ЕВАЛУАЦИЈА

***Како ќе знаете дека Вашите комуниации биле успешни?***

Потребно е да ги следите резултатите постигнати сега (outputs) и крајните резултати (outcomes) за време на целата комуникациска активност, за да може да правите промени со коишто ќе се обезбеди нејзина ефективна реализација и придонес кон остварувањето на првично зацртаните цели.


МАКЕДОНИЈА СЛОБОДНА
СЛОБОДНО ЖИВЕЕ
1991 - 2017
ДЕН НА НЕЗАВИСНОСТ




НАША
МАКЕДОНИЈА
ИЛИНДЕН 2018


ЗАЕДНО ОДИМЕ
НАПРЕД!
Честит 8ми СЕПТЕМВРИ


ЧЕСТИТ
ИЛИНДЕН


НАША


8 Септември
ДЕН НА НЕЗАВИСНОСТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗАЕДНО ОДИМЕ НАПРЕД!


ЗАЕДНО
ОДИМЕ
НАПРЕД!

# ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА НА КОМУНИКАЦИИТЕ ВО 2019 И 2020 ГОДИНА

Владините комуникатори имаат важна улога во информирањето на јавноста за работењето и приоритетите на Владата на Република Северна Македонија. Со соодветни ресурси и вештини, владините комуникации можат да направат многу повеќе - да го подобруваат животот на граѓаните, да ја градат економијата, да ги заштитуваат ранливите и да ја промовираат Северна Македонија во странство.

Ние сме посветени на исполнувањето на нашата визија, да постигнеме високо ниво на доверба меѓу граѓаните и институциите, а тоа го правиме преку градење и ангажирање на заедница од вешти, информирани и професионални владини комуникатори.

## ВО ГОДИНАТА ПРЕД НАС, НИЕ ИСТО ТАКА, ЌЕ СТАВИМЕ АКЦЕНТ И ВРЗ СЛЕДНИТЕ РАЗВОЈНИ КОМПОНЕНТИ:

- Подигнување на нивото на професионални компетенции коишто ги поседуваат лицата вработени како владини комуникатори преку соодветни обуки за воспоставување заеднички нивоа на комуникациско знаење и искуство кај сите владини комуникатори
- Ажурирање на комуникациските структури и процеси на ниво на владата и министерствата, за да се гарантира одржливост, објективност и ефикасност на комуникациските функции, како и да се воспостави доследност помеѓу тимовите
- Унапредување на протоколот за „кризни комуникации" со којшто Владата ќе комуницира со своите граѓани на ефикасен, ефективен и транспарентен начин во време на криза
- Развој на нашите капацитети за идентификување и справување со лажните вести и дезинформациите
- Развој на систем за внатрешна комуникација низ државната администрација со цел заедничко разбирање на владините политики



# ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС И ВЛАДИНИТЕ КОМУНИКАЦИИ

## ШТО Е ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС?

Иако јавниот интерес не е прецизно дефиниран, ниту е сеопфатно утврден неговиот опсег, тој се појавува како многу важен критериум низ законодавството и јавните политики во државата.

Јавниот интерес може да биде сфатен како збир на права и обврски кои влијаат врз целото население во една држава. Обемот на јавниот интерес се утврдува од страна на државата преку правото. Тој опфаќа низа области коишто засегнуваат различни сфери од општеството и човековиот живот, како на пример: човековите права и безбедноста, економскиот раст, животниот стандард, културните и религиозните вредности и друго.

Јавниот интерес е интересот на пошироката заедница како целина, којшто има првенство пред индивидуалните потреби и права на поединците. Ова вообичаено се рефлектира во обврските коишто граѓаните треба да ги исполнат кон државата, како што се плаќањето даноци или почитувањето на сообраќајните прописи, бидејќи се смета дека почитувањето на овие правила и обврски е во најдобар интерес на сите граѓани. Оттука, на јавниот интерес може да се гледа како збир на правата и обврските на поединците и заедницата кон државата, како и обврските на државните институции за заштита и унапредување на одредени права предвидени во правните прописи.

## ПРИНЦИПИ ЗА ВЛАДИНИТЕ КОМУНИКАЦИИ И ВЛАДИНИТЕ КАМПАЊИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС

***Релевантност - во согласност со владините надлежности, приоритетни политики и одговорности:***

Конкретните прашања коишто треба да бидат предмет на владин публицитет треба да бидат оние за коишто Владата има директни и суштински надлежности. Соодветно и неопходно е Владата да ги објаснува и да го образложува своите политики и одлуки и, кога е потребно, да информира, да советува или да ја предупредува јавноста. Владата има одговорност и право да користи публицитет за да поттикнува однесување што е од „јавен интерес“.



## ОБЈЕКТИВНО И ИНФОРМАТИВНО КОМУНИЦИРАЊЕ, БЕЗ ПРИСТРАСНОСТ ИЛИ ПОЛЕМИЧНОСТ:

Третманот на информацијата треба да биде што е можно пообјективен. Владините информации или активности за публицитет треба секогаш да се стремат кон информирање на јавноста, дури и кога целта е да се влијае врз однесувањето на лица или на одредени групи (на пример: пораки за здравствена заштита или безбедност). Треба да се избегнува персонализација на проблемите или градење личен углед.

## НЕПАРТИСКИ КОМУНИКАЦИИ:

Несоодветно е да се оправдуваат или да се бранат политики со користење пораки коишто се типични за политичките партии, да се промовираат партиски активности или директно да се напаѓаат политики и мислења на опозициски партии и групации (иако можеби некогаш ќе биде неопходно да се одговори на истите на конкретен и коректен начин). Имајќи го предвид политичкиот повеќепартиски систем во Република Северна Македонија, можно е определена добро воспоставена јавна кампања да создаде политички кредит или штета за партиите од власта или од опозицијата, но ова не смее да биде ниту директна, ниту индиректна цел на владините информации или јавни активности коишто се платени со јавни средства.



ИНФОРМАТИВНИТЕ КАМПАЊИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС НА ВЛАДАТА ТРЕБА ДА СЕ НАТПРЕВАРУВААТ ЗА ВНИМАНИЕ ОД ЈАВНОСТА СО ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА ПУБЛИЦИТЕТ, ОДНОСНО СО ДРУГИТЕ КАМПАЊИ ВО ОПШТЕСТВОТО

## ЕКОНОМИЧНОСТ, ПРОПОРЦИОНАЛНОСТ И РАЦИОНАЛНОСТ:

Споделувањето на информациите со јавноста треба да биде организирано на економичен и соодветен начин, а за трошењето на јавните пари треба да се известува транспарентно. Владата е отчетна кон Парламентот за тоа на кој начин ги користи јавните ресурси или расходи. Информативните кампањи од јавен интерес на Владата треба да се натпреваруваат за внимание од јавноста со други активности на публицитет, односно со другите кампањи во општеството. За да бидат ефективни, тие треба да бидат презентирани на професионален начин, т.е. на начин на којшто јавноста (ќе) добива јасна порака. Притоа, лошата презентација може да значи неефикасно трошење јавни средства, без да се постигнат очекуваните резултати. Би било контрапродуктивно ако степенот на трошење на средства за јавна кампања го попречи комуницирањето на пораката којашто требало да се пренесе. Потребно е планирање на прецизни комуникациски цели, мерки и систем за евалуација за секоја комуникација којашто вклучува трошоци на ресурси, со цел да се осигураат ефективноста и резултатите при реализацијата.

# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ ЗА ВЛАДИНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

Основната должност на владините комуникатори е на јавноста да ѝ ги пренесуваат официјалните владини ставови и политики преку различни канали, што претставува еден од клучните елементи за демонстрирање отвореност, транспарентност и отчетност во работењето на Владата. Дополнително, владините комуникатори за време на своето работење имаат пристап до доверливи и чувствителни информации со коишто треба да се постапува на соодветен начин.

При комуникацијата со јавноста, владините комуникатори треба да се придржуваат до вредности и правила со коишто се обезбедува професионална, објективна, ефикасна и отворена комуникација со јавноста.

Затоа, изготвивме Кодекс на однесување за владините комуникатори во кој се содржани стандардите коишто се очекуваат од јавните службеници, а кои работат во комуникации.

Кодексот на однесување на владините комуникатори ги пропишува принципите, стандардите, правилата и практиките на соодветно комуницирање со јавноста преку официјалните канали на комуникација, вклучително и преку официјалните и приватните канали на социјалните медиуми.

Овој кодекс на однесување е изработен во согласност со постојната законска рамка во Република Северна Македонија, во којашто е наведено етичкото однесување коешто се очекува од владините комуникатори (јавни и кабинетски службеници).

## КЛУЧНИ ПРИНЦИПИ

**Јавните и кабинетските службеници коишто работат на односите со јавност треба да ги следат следниве принципи за да обезбедат нивно соодветно работење:**

- Да ја кажуваат вистината
- Да бидат непристрасни
- Да бидат внимателни во својот пристап
- Да ја задржат објективноста
- Да носат одлуки исклучиво врз база на претходна анализа на факти
- Да ги стават обврските коишто произлегуваат од службата пред личните интереси
- Да се свесни за постоење на судир на интереси
- Да го одвојат приватното од професионалното делување

**За таа цел, потребно е постојано да бидат поставувани следните прашања:**

- Дали моето однесување е соодветно?
- Дали моите активности евентуално би предизвикале прашања во врска со мојот професионализам, партиско-политичката неутралност и непристрасност како јавен или кабинетски службеник?

**Во случај на дилема во одговорите на овие прашања, неопходна е консултација со претпоставен.**


Western Balkan
Digital Summit




COMBATING FAKE NEWS
Robert Popovski
MINISTER WITHOUT PORTFOLIO IN THE GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA IN CHARGE OF COMMUNICATIONS, ACCOUNTABILITY, AND TRANSPARENCY
Truth defies lies. Truth is a weapon, and fact checking is the tool. Veles has become a synonym for Fake News, let's make it a symbol to combat them.
Western Balkans
Digital Summit
Skopje 2018


Western Balk
Digital Summ
2018


ГАСИФИКАЦИЈА
ПЕНЗИИ
ГРАЃАНИ
ЖИВОТ
БУЏЕТ
СТАБИЛНОСТ
ОДБРАНА


ГРАЃАНСКИ
БУЏЕТ
2018


БУЏЕТ 2019
ПОВЕЌЕ ПАРИ
ЗА ГРАЃАНИТЕ
Растечка економија
Социјална праведност
Подобра живејачка


ПРЕДЛОГ БУЏЕТ ЗА 2019 ГОДИНА
6.3

# УПРАВУВАЊЕ СО СЛУЖБЕНИТЕ СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ КАКО ОФИЦИЈАЛНИ КАНАЛИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА

## ВОВЕД

Подемот на социјалните и дигиталните медиуми ѝ овозможува на Владата директно и двонасочно да комуницира со граѓаните, да се информира за нивните интереси и да го земе предвид нивното мислење при креирањето и спроведувањето на владините политики. Сè повеќе граѓани ги користат социјалните медиуми како средство за информирање, и оттаму потребата за зголемена комуникација со јавноста преку службените социјални медиуми на институциите. Владата има за цел да го привлече и задржи вниманието на граѓаните преку социјалните медиуми.



## ПРАВИЛА

**1.** Не се објавуваат, ниту се споделуваат содржини коишто би можеле да се сметаат за навредливи кон поединци или кон одредена група на граѓани.

**2.** Не се објавуваат, ниту се споделуваат информации со коишто би се прекршиле нечии авторски права.

**3.** Не се објавуваат, ниту се споделуваат информации со коишто би се извршило селективно промовирање или фаворизирање на одреден правен или приватен субјект, со што би се влијаело врз создавање нелојална конкуренција.

**4.** Не се објавуваат, ниту се споделуваат информации коишто се класифицирани или имаат таков сличен статус или информации коишто би ги изложиле Вашите колеги и Вас лично на ризик, без разлика дали станува збор за криминал, тероризам или шпионажа. Информации поврзани со криминал, тероризам или шпионажа се пријавуваат кај соодветен орган/институција или кај претпоставениот.

**5.** Не се објавуваат, ниту се споделуваат фотографии на коишто може да се препознае идентитет на малолетно лице, без претходно да се добие писмена дозвола од нивните родители/старатели, освен во случај кога настанот е јавен и е на отворено.

**6.** Не се објавуваат, ниту се споделуваат содржини за коишто не сте сигурни дали се соодветни за јавност. Во овој случај треба да се побара совет од колега или од претпоставениот.

**7.** Нови информации коишто за првпат се изнесуваат во јавност треба премиерно да се објавуваат на официјалните канали на Владата или на највисоките претставници на институциите.

**8.** Не се објавуваат неточни информации или шпекулации со коишто на кој било начин би ги довеле граѓаните во заблуда.

## ВОДИЧ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРИВАТНИТЕ КАНАЛИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ НА ВЛАДИНИТЕ КОМУНИКАТОРИ

При управувањето со приватните канали на социјалните медиуми на владините комуникатори, треба да се следат одредени насоки, коишто не се базираат врз забрани, туку врз правила и препораки. Не треба да постои забрана вработените да ги користат каналите на социјалните медиуми, но сепак треба да се почитуваат одредени правила.



## ПРАВИЛА

**1.** Објавувањето содржини во лично име може да се поврзе со позицијата и институцијата во којашто работи владиниот комуникатор, односно работната позиција како владин комуникатор и приватноста на личноста се тешко раздвојливи. Поради тоа, секоја содржина на личниот профил може да биде третирана и перципирана како став на институцијата, дури и во случаи кога ставот е нагласен како личен. Треба да се има предвид дали споделената содржина може да предизвика негативен публицитет и нарушување на угледот на институцијата во којашто работи владиниот комуникатор.

**2.** Споделените содржини на личните канали на социјалните медиуми можат да станат јавни, дури и ако се споделени исклучиво на приватни и затворени канали. Учеството во евентуални политички или јавни дискусии и активности коишто може да ја компромитираат непристрасноста на владиниот комуникатор треба целосно да се избегнуваат.

**3.** Активностите на владините комуникатори, како претставници на извршната власт, се под посебен мониторинг од граѓанското општество, од политичките субјекти и од медиумите, со што се мери поведението на извршната власт. Несоодветните комуникации коишто содржат дискриминирачка, навредувачка, заканувачка содржина, или елементи на говор на омраза, можат да бидат пресликани како карактеристики на институцијата којашто ја претставуваат владините комуникатори. Ваквите објави секогаш треба да се избегнуваат.

**4.** Содржините споделени преку социјалните медиуми имаат еднаква важност со содржините споделени преку кој било друг традиционален или електронски медиум. Оттука, на приватните канали на социјалните медиуми треба да избегнуваме:

- Промовирање на партиско-политичка пристрасност;
- Активности коишто предизвикуваат негативна репутација за институцијата во којашто работи владиниот комуникатор или за друга институција;
- Недоречености и нејасни информации коишто оставаат простор за различни толкувања или изменет контекст;
- Навреди, говор којштo поттикнува омраза и дискриминација или така може да биде протолкуван;
- Објавување класифицирани информации или службени содржини коишто сè уште не се објавени во јавност;
- Учество во незаконски активности или несоодветно однесување;
- Кршење на условите коишто се однесуваат на работниот однос на владиниот комуникатор, на каков било начин.

**5.** Објавувањето во текот на работното време е несоодветно. Владините комуникатори, како и сите други јавни службеници и претставници на институции, имаат јавно достапни работни позиции и работно време. Секое објавување на содржини на социјалните медиуми во текот на работното време може да биде третирано како избегнување на работните задачи и со тоа да се нанесе негативна репутација на институцијата во којашто работи владиниот комуникатор.




АПОСТОЛСКА ПОСЕТА
НА ПАПАТА ФРАНЦИСК
ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
7 МАЈ 2019


Локации за подигнување
бесплатни билети до 3 мај!
PAPA.MK


СКОПЈЕ 2019 | СКОПЈЕ 2019 | СКОПЈЕ 2019


АПОСТОЛСКА ПОСЕТА
НА ПАПАТА ФРАНЦИСК


ИЗЛЕЗИ
За!
ЕВРОПСКА
МАКЕДОНИЈА
Ова е историска можност!
Секој од нас треба да излезе и да донесе одлука!


#ФактиЗАДоговорот
СО ЧЛЕНОТ 7 ОД ДОГОВОРОТ,
МАКЕДОНСКИОТ
ИДЕНТИТЕТ
Е ЗАШТИТЕН


#ФактиЗАДоговорот
СПОРЕД ЧЛЕНОТ 1 ОД ДОГОВОРОТ,
МАКЕДОНСКИОТ
ЈАЗИК Е ЗАШТИТЕН


#ФактиЗАДоговорот
МАКЕДОНСКИТЕ
ХИМНА, ГРБ И ЗНАМЕ
НЕ СЕ МЕНУВААТ!


За!




#МКвоНАТО
ИДНИНАТА
Е СИГУРНА,
НЕИЗВЕСНОСТА
Е МИНАТО!


ОДГОВОРНОСТА Е НАША!
За!


Заедно
ја градиме
слободна,
европска
Македонија.


За!




ВО ЕУ
ЗА
македонскиот
како официјален
јазик во Унија
од 500 милиони
жители
#ПридобивкиОдЕУ


Влегуваме
во ЕУ и НАТО
како Македонци.


#МКвоНАТО
А Б В Г Д Ѓ Е Ж
З Ѕ И Ј К Л Љ М Н
Њ О П Р С Т Ќ У
Ф Х Ц Ч Џ Ш
МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК СТАНУВА
ОФИЦИЈАЛЕН ВО НАЈГОЛЕМИОТ
СОЈУЗ ВО СВЕТОТ!



Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија

British Embassy Skopje

Funded by UK Government

Institute of communication studies

Government Communication Service

This product is prepared within the programme "Communication Strategy" funded by the UK Government with the support of the British Embassy Skopje. The content of this publication does not necessarily reflect the position or the opinions of the UK Government.

Овој производ е подготвен во рамки на проектот „Комуникациска Стратегија" финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

Ky produkt është përgatitur në kuadër të projektit Strategjia për Komunikim i financuar nga Qeveria e Mbretërisë së Bashkuar me mbështetjen e Ambasadës Britanike Shkup. Përmbajtja e këtij publikimi nuk pasqyron domosdoshmërisht qëndrimin ose mendimet e Qeverisë së Mbretërisë së Bashkuar.